**Општина Конче**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА КОНЧЕ ЗА 2026 ГОДИНА КОНЧЕ

**Законска регулатива**

Рамноправноста меѓу половите е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија која се заснова на целосно признавање и промовирање на еднаквите можности на жените и мажите, како неизоставен предуслов за одржлив развој, уживање на човековите права и практикување на демократските вредности. Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост, што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики кои не можат да се надминат. Но, разликите кои ги наметнало општеството, стереотипите и
општоприфатените родово - дискриминирачки модели, се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат.Комисијата за родова еднаквос, функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Конче. Комисијата за родова еднаквост е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Потполна еднаквост на жените и мажите се еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот животви отсуство на културни, социјални, економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра помеѓу жените и мажите.Со Законот за еднакви можности се гарантира еднаквиот третман, односно изречно се забранува дискриминацијата како „секое разликување, искористување или ограничување врз основа на пол што го загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на човековите права и слободи" како во јавниот така и во приватниот сектор, и тоа во областите на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата и спортот.

Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 како специфична стратегиска цел го предвидува унапредувањето на положбата на жената и намалување на степенот на сиромаштија и ризикот од социјална исклученост. Во согласност со Националниот план за родова рамноправност и Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите се нагласува потребата од систематски пристап, преку родовите институционални механизми, во тесна соработка со неформалниот систем за превенција и заштита (невладиниот сектор) на централно и локално ниво. Како дел од целите се наведени:

1. Превенција од родово базирана дискриминација, насилство и социјална исклученост на женската популација, особено нагласена во руралните и во другите помали заедници, како и меѓу етничките групи;
2. Формална заштита на правата на жените преку зајакнување на капацитетите и координираноста на институциите и сервисите, пред сѐ, на локално ниво.
3. Поголем фокус кон активности насочени кон инкорпорирање на родовиот концепт во политиките на централно и локално ниво од аспект на социјално вклучување, преку родовите институционални механизми во соработка со невладиниот сектор.

**Мерки за остварување на принципот на еднакви можности Во насока на остварување на принципот на еднакви можности за мажите и жените, Законот предвидува две групи мерки: основни и посебни.**

**Основните мерки** повеќе се во сферата на нормирањето и планирањето, а посебните мерки повеќе се однесуваат на воспоставувањето и функционирање на принципот на еднакви можности на мажите и жените преку отстранување на објективните пречки за неговата реализација, односно елиминирање на условите кои создаваат дискриминација по основ на пол.

**Посебните мерки** се важни, затоа што се усвојуваат и од страна на единиците на локалната самоуправа.

Согласно Законот ова треба да се реализира, пред се, преку три вида мерки.

**1. Позитивните мерки** се однесуваат на воспоставување еднаква застапеност на мажите и жените во јавниот и политичкиот живот на државата и во тој правец предвидуваат приоритет на соодветниот пол се до воспоставувањето еднакво учество на мажите и жените. Ваквата мерка се однесува на сите нивоа на власт, вклучувајќи ја и локалната, сите јавни установи и служби, политичките функции, комисии и одбори.

**2. Охрабрувачките мерки** предвидуваат различни активности кои треба да ги поттикнат слободите и напорите за елиминирање на нееднаквата застапеност, односно нееднаквиот третман.

**3. Програмските мерки** се насочени кон подигање на свеста со цел да се поттикне воведувањето и унапредувањето на принципот на еднакви можности на мажите и жените.

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Конче има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната,културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел ,Општина Конче согласно одредбите од член 14 од овој закон е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

**Задачи за спроведување кои произлегуваат од пропишаните законски мерки**

**1. Прибирање на родово разделените статистички податоци за составот на работните и другите тела, делегациите и другите органи во единиците на локалната самоуправа, при именувањето претставници во јавните претпријатија и установи при остварувањето на надлежностите од нивниот делокруг на работење.**

Во рамките на своите надлежности и поле на дејствување, Општина Конче е должна да преземе **позитивни мерки** за

унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности кои ќе бидат оправдани и засновани на анализи за статусот на жените и мажите.
За таа цел од најголем број органи, институции и организации ќе се прибараат податоци за вкупниот број вработени, за половата структура на вработените, за образовната структура по пол и за состојбата со распоредувањето на мажите и жените на раководни работни места.
Добиените податоци од вакавата анализа на степенот на имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите, ќе бидат показатели за родова слика во дистрибуцијата на раководни работни места помеѓу жените и мажите во општина Конче.

**2. Вклучување на родовата перспектива во програмите, стратегиите и останатите документи што ги разгледува и усвојува Советот на Општина Конче**

Вклучувањето на родовата перспектива во законите, политиките и програмите (gender mainstreaming) е важен концепт кога станува збор за еднаквите можности на жените и мажите.
Тоа подразбира интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики, а притоа имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите, односно детектирање на областите каде што недостасуваат одредби од родов аспект во одлуките, заклучоците, програмите, плановите, со кои би се унапредила родовата рамноправност и би се воспоставиле еднаквите можности на девојчињата и момчињата, жените и мажите.

Како ќе се интегрира родовата персепктива? Во насока на остварување на принципот на еднакви можности за мажите и жените во содржините на општинските програми ќе се превземаат следниве мерки и активности:

- Преземените конкретни позитивни мерки во програмите на општина Конче за унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности ќе бидат оправдани и засновани на анализи за вклученоста на жените и мажите во нивната годишна реализација.
- Општина Конче во програмите ќе прибира податоци за вкупниот број ангажирани лица, за половата структура на корисниците на програмата, за образовната структура и за состојбата со распоредувањето на мажите и жените во превземени програмски активности.

Добиените податоци од ваквата анализа на степенот на имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите во програмите ќе бидат показатели за родова слика во дистрибуцијата на ресурсите од програмите,распределба на ангажираните/вработените лица жени и мажи на работни места при спроведување на програмите на општина Конче.

Комисијата за родова при Советот на Општина Конче ќе биде централно тело на локално ниво со надлежности во однос на воспоставувањето на принципот на еднакви можности на жените и мажите. Другите комисии при Советот на Општина Конче потребно е да бараат мислење од оваа Комисија за материјалите кои уредуваат или обработуваат прашања од значење за остварувањето на принципот на еднакви можности пред да ги достават до Советот на Општина Конче на разгледување, утврдување, односно донесување.

Следењето на имплементацијата и спроведувањето на годишниот план за еднакви можности на жените и мажите ќе го врши Координаторот и Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Конче. Комисијата во текот на 2026 година ќе планира и одржи три до четири состаноци на кои детално ќе ги разгледува процесот и степенот на спроведување на годишниот план со анализа за дистрибуцијата на ресурсите од програмите,распределба на ангажираните/вработените лица жени и мажи на работни места при спроведување на програмите на општина Конче. Со изработка на извештај ќе дава препораки и заклучоци за подбрување и надминување на одредени потешкотии при имплементацијата. Во импленетацијата на дел од активностите на Планот како реализатор ќе бидат вклучени Здружението Организација на жени Конечанка Конче која повеќе години реализра проектни активнсти на родови прашања и проекти за подигање за свеста за жената и рамноправно учество на жените во носењето на одлуки на локално ниво и новоформираниот Локален женски кружок Лубница, кој е под раководство на Асоцијација за унапредување на статусот на жената во Македонија "Женска Акција",Радовиш која активно работи на јакнење на капацитетите на жените во општина Конче за учество во процесите на планирање,буџетирање и одлучување на локално ниво.

**3. Јакнење на соработката на координаторот/и и Комисијата за еднакви можности со субјектите одговорни за усвојување и спроведување на мерките за воспоставување на еднакви можности**

Запознавањето со политиките за родова рамноправност претставува начин на комуникација и воспоставување соработка меѓу координаторот за еднакви можности во општината и Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика.
Потребата од дијалог помеѓу релевантните актери е неопходна за да се осигура слично ниво на работа и политики на локално ниво Координацијата помеѓу локалниот координатор/и е неопходен. Таа е важна за да се осигура дека координаторите се информирани на локално ниво - може да оформи план преку кој координаторот/и ќе даваат препораки за потребните промени во политиките , законите и одлуките кои се носат на локално ниво. Потребна е координација и меѓу ресорното министерство и координаторите од единиците на локалната самоуправа заради потребата од поддршка во обликувањето на политиките на општините во областа на родовата еднаквост.
Спроведувањето на активностите за унапредување на принципот на еднакви можности значи вклучување и јакнење на соработката со другите партнери: синдикалните организации, здруженијата на работодавачи и невладиниот сектор. Соработката со народниот правобранител која е во рамките на уставните и законските овластувања и може да се реализира

согласно неговата законски утврдена надлежност да се грижи за остварување на принципот на еднакви можности на жените и мажите и да обезбеди заштита кога нечие право е одземено или ограничено од орган или организација пред која е надлежен да постапува.

Основните цели за активностите на Општина Конче во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2026 година:

- Промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница,(преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди Општина Конче), зајакнување на институционалните капацитети на Општина Конче за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, развивање на интерни принципи, норми,постапки и механизми за координирано дејствување;
- Подобрување на информираноста на човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискриминацијата врз основа на пол(во согласност со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право;
- Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје.Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење;
- Унапредување на заштита од насилство врз жени;
- Унапредување на механизмите за учество на жените во во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени;
- поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис;
- Јакнење на капацитетите на Комисијата за родова еднаквост и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;
- Да се зголеми бројот на жени на одговорни функции /сектори и одделенија/ во општинската администрација така и во,комисиите, правните и надзорните органи во локалните институции;
- Подготовка на стратешки и оперативни програми, правила и процедури како основа за работа на Комисија за родова еднаквост во Општина Конче;
- Вклучени жени во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство;
- Економско јакнење на жените од Општина Конче со намалување на стапката на невработеност кај жените преку поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции.

***4. Родово одговорно буџетирање***

Главната цел да се придонесе кон имплементација на обврските за остварување на родовата еднаквост и продолжение на

досегашните напори и постигнувања на локално ниво во насока на интегрирањето на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетот на општина Конче.

**Планирани активности за 2026 година:**

| Р.б | Активност | Време на реализација | Носители и соработници | Буџет | Број на корисници жени/мажи | Индикатор и за успешност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Водење родово разделена статистика за вработените во општинските институции | Континуирано во текот на целата година | - Општина Конче<br>- Граѓански сектор | 10.000 ден. Водење на статистика и изработка на извештај за родоворазделени податоци | жени/мажи вработени во општината и НВО | Родово разделени статистичк и податоци за општинските институции |
| **2** | Промоција на родовата еднаквост преку користење на родово сензитивен јазик | јануари-февруари 2026 | - Општина Конче<br>- Граѓански сектор | | 25-35<br>-граѓани од населени места,<br>-претставници од локалани институции<br>-невладин сектор<br>-земјоделци<br>-ранливи категории граѓани | Зголемување на видливоста на жените со посветување внимание на јазикот преку изработка на упатство за користење родово сензитивен јазик |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Воведување на критериуми за селекција и унапредување при вработување и кариерен развој кои се родово сензитивни | Јануари-мај 2026 | - Општина Конче<br>- Граѓански сектор | | 18-35<br>-граѓани од населени места,<br>-претставници од локалани институции<br>-невладин сектор<br>-земјоделци<br>-ранливи категории граѓани | Реализиран и обуки за совладувањ е на комуникаци ските вештини како важен фактор во градење на зрели личности |
| **4** | Обуки за внесување на родовата перспектива во локалната средина на теми:<br>- недоволна застапеност на жената во сопственичката структура кај движен и/или недвижен имот<br>- Потреба од следење на застапеност и имплементација на родовиот аспект во образовниот процес, социјална заштита, култура , спорт и јавни институции | февруари-мај 2026 | -Општина Конче<br>-Граѓански сектор | Средствата за реализација на оваа активност се планирани во програмата на Здружение Организација на жени на општина Конче како реализатор на активноста. | 25-35<br>-граѓани од населени места,<br>-претставници од локалани институции<br>-невладин сектор<br>-земјоделци<br>-ранливи категории граѓани | Реализиран и обуки за јакнење на капацитети те на КЕМ и на Советот на Општина Конче за воведување на родовата перспектив а и родово одговорно буџетирање |
| **5** | Работа и работни односи<br>-информирање и подигање на свеста кај невработените за нивните права.<br>- заштита на правата на жената на работното место | јуни-август 2026 | Општина Конче НВО, Агенција за вработување, МТСП, синдикат | 10.000 ден | 30-45<br>- невработени лица<br>-Вработени во локални институции<br>-жени од јавен и приватен сектор | Спроведувањ е на анкета Организира ње на трибини со вработенит |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | -информирање на закон за работни односи | | | | | е од приватниот и јавниот сектор |
| **6** | Организирање кампања за подигање на свеста кај жената за редовна здравствена заштита за рано откривање на малигни заболувања(рак на дојка, рак на грло на матка, рак на простата, рак на белите дробови, рак на дебелото црево, остеопороза и здравствени прегледи | март- октомври 2026 | Општина Конче Здравствен Дом Радовиш-ангажирање на стручни лица Граѓански сектор -ЗГ Женска Акција Радовиш -ЗГ Организација на жени на општина Конче | Средствата за реализација на оваа активност се планирани во програмата на социјална заштита и заштита на децата во општина Конче за 2026 година | 30-40 -Жени и мажи земјоделци - невработени жени, -жени со социјални примања, Вработени жени и мажи во локални институции | Кампањата ќе се реализира преку одржување трибини и работилници , како и подготовка, дистрибуција на промотивни материјали кои ќе ги нудат потребните информации и ќе дејствуваат едукативно на учесниците и организирање на здравствени прегледи |
| **7** | Активности за одбележување на Меѓународниот ден на рурална женасо | 15 октомври 2026 | Општина Конче Организација на жени на | Средствата за реализација на оваа активност се планирани | 20-30 Жени земјоделки Невработени жени | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | организирање на едукативно предавање од стручно лице | | општина Конче како реализатор на активноста | во програмата на Здружение Организација на жени на општина Конче како реализатор на активноста. | | |
| **8** | Основни систематски прегледи со анализи за превентивно откривање на болести кај жените и мажите (за социјално ранливите категории во Конче) | февруари – декември 2026 | -Општина Конче<br>-Здравствен дом Радовиш<br>Центар за социјални работи Радовиш<br>Граѓански сектор<br>Црвен крст | 20.000 ден | 5-10 до искористување на средствата<br>Жени и мажи од ранливи категории | Рано откривање на тешки болести кај жените и мажите;<br>Јакнење на свеста за превенцијата на здравјето |
| **9** | Подршка на иницијативи за пружење на социјална заштита и друга дополнителна помош за веќе заболените лица. | февруари – декември 2026 | | 20.000 ден | 10-15 Доискористување на средствата за помош на заболени лица | Оваа активност има цел да обезбеди социјал. заштита и друг вид помош која им е неопходна на заболените лица. |
| **10** | Препознавање и пријавување на присуство | Октомври-ноември 2026 | Општина Конче | Средствата за реализација на | Прифаќање на секое лице кое ке | Бесплатни совети и |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на семејно насилство соработка ) Промовирање на локален механизам за упатување на жртвите на семејно насилство (меѓуинституционална соработка) | | - Центар за социјални работи Радовиш Граѓански сектор | оваа активност се планирани во програмата на Здружение Организација на жени на општина Конче како реализатор на активноста. | побара помош и совет во Центарот за поддршка на жртвите од семејно насилство во Радовиш | информации и за заштита од семејно насилство |
| **11** | Информираност на граѓаните за важноста од редовни превентивни прегледи и симптоми на болести (психосоматски заболувања Висок крвен притисок ,дијабетис и последици од нелекување на дијабетисот) | Октомври-декември 2026 | Општина Конче ЈЗУ Здравствен дом Радовиш Ангажирање на стручни лица | 5.000 ден | 20-30<br>-Граѓани од општина Конче<br>-Корисници на социјални мрежи | Отворени форуми на социјалните мрежи. |
| **12** | Подигање на свеста кај граѓаните за еднакви права на лицата со посебни потреби | Октомври-декември 2026 | Комисија за еднакви можности, Координатор за еднакви можности, ЦСР, НВО, Црвен крст, МТСП | 10.000 ден | 150 испечатени флаери и дистрибуција по населените места во општина Конче | Подготовка , дистрибуција на промотивни материјали за свеста на граганите за проблемите на лицата со посебни потреби |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Анализа на состојбата на старите изнемоштени и осамени лица<br>-Организирање акции за социјално загрозени семејства | Февруари-декември 2026 | Комисија за еднакви можности, Координатор за еднакви можности,ЦСР, НВО, Црвен крст, МТСП | 5.000 ден | Анкета на 60 стари, изнемоштени и осамени лица, Организирана една хуманитарна акција | Мапирање во руралната средина, анкетирање, Организиран и хумани акции |
| 12. | Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови | Април-јуни | Црвен крст Здружение Организација на жени на општина Конче | 30.000 ден | Грижа за стари и изнемоштени лица во период од три месец кога не се реализира Програмата за општинско корисна работа | |
| 13. | Изработка, на Стратегија за родовата перспектива на економската политика на Општина Конче.2025-2027<br>-Печатење и промоција на Стратегијата за општина Конче. | Септевмри-декември 2026 | Општина Конче Комисија за еднакви можности, Координатор за еднакви можности,ЦСР, НВО, МТСП | 20.000 ден | Вклчени претставници од<br>-Општина Конче,<br>-Образовни институции,<br>-Јавни институции Невладин сектор | Родово сензитивни препораки за креирање на Буџетот за идната година |
| | | | **Вкупно** | **130.000 ден** | | |

**Заклучни согледувања:**

Изработката и постоењето на Планот сам по себе не е доволен за да гарантира успешна имплементација на политики кои се родово чувствителни. Покрај покажаната волја, потребни се и ресурси за понатамошно градење на капацитетите на оние кои треба да бидат вклучени во сите фази на креирање, имплементација, мониторинг и оценка на постигнувањата при дефинирањето и спроведувањето на политики за родова рамноправност.

Медиумите можат да бидат инструмент за промена во напорот на унапредување на родовата еднаквост, како што и спротивно,можат да продонесат во одржување на постојната состојба, детектирана со фактите: мажите се на позициите на кои се донесуваат одлуките, а жените се исклучени и обессилени. Според некои истражувања, спроведени во Западен Балкан потврдено е присуство на родова нееднаквост и различни видови невидливост на жените. Тоа натаму, ги обликува структурата,политиката, процесите, системите за поддршка и застапеност во секторот на медиумите, што резултира со несоодветно препознавање на конкретните потреби и интереси на жените и мажите. Затоа, потребно е да се отпочне со определен број трансформативни активности за затворање на постојните јазови и унапредување на постојните родови односи - релации, а со надеж дека ќе ја поттикнеме трансформацијата на вкоренетата нееднаквост во еднаквост.

Ова бара и отвореност и соработка меѓу изградените механизми за родова рамноправност (хоризонтално и вертикално), како и соработка со институциите на локално ниво и со граѓанските организации.

Партиципативните процеси и градењето на партнерски односи во голема мера ќе придонесат кон остварувањето на зацртаните цели.

Една од основните потреби е подобрувањето на функционирањето на родовиот механизам на локално ниво, со цел да се зајакне нивниот капацитет за вклучување на родовата перспектива во формулирањето и анализата на локалните политики.

Всушност, крајната цел е родовата еднаквост да се сфати не само како човеково право, туку и како демократска вредност која треба да се применува во сите аспекти на животот: политички, економски, социјален и културен.

Број 08-2444/9
Дата 16.12.2025
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Бранкица Вчкова,